РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË

Бр.-Nr. 08-346/9

22.02. 2022 год.-viti
Скопје - Shkup

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË**
**BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË**

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата, на својата 23 седница одржана на 19.10.2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиската програма „Мехатроника", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (120 ЕКТС), на Факултет за применети науки при Универзитет во Тетово**

1. Се акредитира студиската програма „Мехатроника", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (120 ЕКТС), на Факултет за применети науки при Универзитет во Тетово, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2021/2022 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 120 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Магистер на технички науки - Мехатроника /во меѓународен промет академски студии назив: Master of science (MSc) - Mechatronics.

4. Научно - истражувачко подрачје: 2 Техничко - технолошки науки
Научно – истражувачко поле: 214 – машинство 204 - електроника и автоматика, 212 - компјутерска техника и информатика, 215 – материјали, 216 – металургија, 202 – електротехника, 218 - регулација и управување со технолошки процеси, 205 – енергетика 225 - животна средина, 213 - контрола на квалитет.

Научно – истражувачка област: 21401:Машински елементи и технички системи, 21403-Производно машинство, технологии и истеми, 21404-Технологија на обработка на метали и алатни машини, 21409- Заварување и технологии на заварување, 21411-Моторни возила, 21417-Техничка механика и механика на цврсто тело, 21423-Регулациона техника, 21424-Друго, 20407Електронски компоненти, 20409-Мерења и инструменти, 20414- Друго, 21201 Програмски јазици и технологии, 21203-Бази на податоци, 21205-Вештачка интелегенција и системи, 20200 Електротехника, 20202- Теорија на кола, 20207-Друго, 21800 Мерни сензори, интелегентни мерни конвертори и инструменти, 21801-Моделирање, симулација и анализа на комплексни контролни системи, 208002-Анализа на процеси со статистички процеси, 21803-Техника за контрола и управување на дисконтинуирани и континуирани процеси, 21807-Компјутерска контрола на

комплексни индустриски процеси, 21808-Друго, 21509 Друго, Контрола на квалите: 21300-Метрологија, 22500-Животна средина, 22505-Енергија, 22507-Друго.

5. Вкупниот број на студенти кои можат да бидат запишани на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение изнесува 20 студенти.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената одлука 04-1085/3 од 26.03.2021 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма програма „Мехатроника", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (120 ЕКТС), на Факултет за применети науки при Универзитет во Тетово, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.17-221/1 од 29.03.2021 година (наш бр. 08 - 346/1 од 31.03.2021година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 15-та седницата одржана на 07.04.2021 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 346/6 од 10.11.2021 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 23 - та седница одржана на 19.10.2021 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Академик Владо Камбовски